РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14- 1714
25.10.2018 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), и врз основа на член 216 од Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 145/15, 154/15, 30/16, 126/16 и 127/16), министерот за образование и наука го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиските програми од прв циклус студии по Дизајн и мултимедија, Политички науки и дипломатија, Јазична и академска подготовка и втор циклус едногодишни студии по Информатика и компјутерско инженерство на македонски и англиски јазик, Информатика-бизнис информатика на македонски и англиски јазик, Информатика-софтверско инженерство на македонски и англиски јазик, Дизајн и мултимедија, Спорт и спортски менаџмент, Применета лингвистика и Архитектура на единиците во состав на Прв приватен универзитет ФОН Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус студии по Дизајн и мултимедија, Политички науки и дипломатија, Јазична и академска подготовка и втор циклус едногодишни студии по Информатика и компјутерско инженерство на македонски и англиски јазик, Информатика-бизнис информатика на македонски и англиски јазик, Информатика-софтверско инженерство на македонски и англиски јазик, Дизајн и мултимедија, Спорт и спортски менаџмент, Применета лингвистика и Архитектура на единиците во состав на Прв приватен универзитет ФОН Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Прв приватен универзитет ФОН Скопје се обрати со барање бр. 03-1091/1 од 31.07.2018 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1714 од 31.07.2018 година, за добивање на Решение за почеток со работа на студиските програми од прв циклус студии по Дизајн и мултимедија, Политички науки и дипломатија, Јазична и академска подготовка и втор циклус едногодишни студии по Информатика и компјутерско инженерство на македонски и англиски јазик, Информатика-бизнис информатика на македонски и англиски јазик, Информатика-софтверско инженерство на македонски и англиски јазик, Дизајн и мултимедија, Спорт и спортски менаџмент, Применета лингвистика и Архитектура на единиците во состав на Прв приватен универзитет ФОН Скопје, а по добиени Решенија со кои се акредитираат студиските програми: Решение бр. 20-21/3 од 17.08.2017 г. за акредитација на студиската програма „Дизајн и мултимедија“ прв циклус на Факултет за дизајн и мултимедија; решение бр. 1409-19/4 од 22.06.2017 г. за акредитација на студиската програма „Политички науки и дипломатија“ прв циклус студии на Факултет за политички науки и дипломатија; решение бр. 1409-285/2 од 20.06.2018г. за акредитација на студиската програма „Јазична и академска подготовка“ прв циклус студии на Факултет за странски јазици; решение бр. 1409-287/6 од 12.06.2018 г. за акредитација на студиска програма „Информатика – компјутерско инженерство“ втор циклус студии на

Факултет за информатика; решение бр. 1409-287/7 од 12.06.2018г. за акредитација на студиска програма „Информатика – компјутерско инженерство“ втор циклус студии на англски јазик на Факултет за информатика; решение бр. 1409-287/8 од 12.06.2018 г. за акредитација на студиска програма „Информатика – бизнис информатика“ втор циклус студии на Факултет за информатика; решение бр. 1409-287/9 од 12.06.2018г. за акредитација на студиска програма „Информатика – бизнис информатика“ на англиски јазик втор циклус студии на Факултет за информатика; решение бр. 1409-287/4 од 12.06.2018г. за акредитација на студиска програма „Информатика-софтверско инженерство“ втор циклус студии на Факултетот за информатика; решение број 1409-287/5 од 12.06.2018г. за акредитација на студиска програма „Информатика-софтверско инженерство“ на англиски јазик втор цисклус студии на Факултет за информатика; решение бр. 20-21/4 од 17.08.2018г. за акредитација на студиска програма „Дизајн и мултимедија“ втор циклус студии на Факултет за дизајн и мултимедија; решение бр. 1409-286/3 од 14.02.2018г. за акредитација на студиска програма „Спорт и спортски менаџмент“ втор циклус специјалистички студии на Факултет за спортски менаџмент; решение бр. 20-14/6 од 13.07.2018г. за акредитација на студиска програма „Применета лингвистика“ втор циклус студии на Факултет за странски јазици; решение бр. 20-21/5 од 19.02.2018г. за измена на правосилен управен акт и дополнување на решението за акредитација на студиска програма „Дизајн и мултимедија“ втор циклус студии на Факултетот за дизајн и мултимедија; решение бр. 1409-15/6 од 19.02.2018г. за измена на правосилен управен акт и дополнување на решението за акредитација на студиска програма „Архитектура“ втор циклус студии на Архитектонски факултет на Прв приватен универзитет ФОН од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерот за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1714 од 16.08.2018 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа.

Комисијата на ден 12.09.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1714 од 24.09.2018 година, каде е наведено дека за студиските програми од прв циклус студии по Дизајн и мултимедија, Политички науки и дипломатија, Јазична и академска подготовка и втор циклус едногодишни студии по Информатика и компјутерско инженерство на македонски и англиски јазик, Информатика-бизнис информатика на македонски и англиски јазик, Информатика-софтверско инженерство на македонски и англиски јазик, Дизајн и мултимедија, Спорт и спортски менаџмент, Применета лингвистика и Архитектура на единиците во состав на Прв приватен универзитет ФОН Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Министер,
Dr. Arbër Ademi

Изработил: Билјана Анастасовска
Проверил: Снежана Лузевска
Одобрил: Борчо Алексов

Доставено до:
- Примач
- Архива